

## ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА ПРЕСПА ВО ПУБЛИКАЦИЈАТА „МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЧКИ МЕРИДИЈАНИ“

**Поранешниот македонски амбасадор и висок функционер во Министерството за надворешни работи, Ристо Никовски е еден од најактивните во јавноста на теми поврзани со надворешната политика на Македонија за спорот за името со Грција. Тој го анализира периодот од независноста на земјата до денес низ призмата на низа настани во кои биле инволвирани домашните и надворешните фактори**

Тој е можеби, единствен во Македонија кој често ја потенцира негативната улога која ја имала американската администрација кон Македонија, за важни теми поврзани со спорот за името, конфликтот во 2001 година и други настани кои се случиле во последните 22 години. Исто така, тој повеќе пати јавно проговорил за дволичниот однос што го имале голем број дипломати кои и нанесувале штета на Македонија во процесот на развојот и интеграцијата во светските асоцијации.

Ристо Никовски е македонски дипломат од кариера. Во неговата долгогодишна кариера пишува дека бил поранешен амбасадор и редовен колумнист во дневниот печат во Македонија. Познат е по своите ставови, јавни настапи и согледувања за спорот и зачувувањето на вековното име на Македонија.

Во неговата богата биографија се вели дека Ристо Никовски дипломирал на Економскиот факултет во Загреб, а веднаш потоа се запишал на постдипломски студии на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје во 1971 година. По дипломирањето, за кус период, својата професионална кариера ја започнал во најголемиот хемиски гигант во Македонија - „ОХИС“, во Одделението за маркетинг, а

следните 35 години ги поминал во дипломатска служба. Од 1971 до почетокот на 1992 година работел во Сојузниот секретаријат за надворешни работи во Белград, а потоа во македонската дипломатија. Службувал во амбасадите на СФРЈ во Пекинг (1972-1976), Хавана (1977- 1981), Џакарта (1986-1988) и Куала Лумпур (1988-1990). Како член на југословенски делегации учествувал на бројни меѓународни конференции во Њујорк (ООН), Виена, Хавана, Најроби, Бали.



*Ресен*

Во македонската дипломатија бил потсекретар во Министерството за надворешни работи во периодот од 1992 до 1993 година, дипломатски претставник, а потоа и амбасадор во Обединетото Кралство во Лондон, од каде како нерезидентен амбасадор ги покривал и Ирска и Исланд (1993- 1997), Тирана (1998-2002) и Москва (2004-2006) година. Во периодот од 2002 до 2003 година бил државен секретар во Министерството за надворешни работи.

Инаку, како дипломат од карирера предводел македонски делегации во Кина, Јапонија, Индонезија, Бугарија, Австрија, Велика Британија, Чешка, Шпанија, Украина, Албанија, Русија, Словачка и Унгарија.

По пензионирањето во 2006 година, амбасадорот Ристо Никовски бил член во Советот за меѓународни односи на претседателот на Република Македонија од 2009 година, каде што во 2011 година поднел оставка по бранувањето на медиумите и јавноста откако во негова колумна директно ги критикувал Соединетите Американски Држави и работата на амбасадорот Филип Рикер, оценувајќи дека дипломатот се меша во внатрешните работи на Македонија и треба да биде прогласен за персона нон-грата.

Како резултат на неговите дипломатски патешествија, меѓу другото, се здобил со знаења од лингвистички аспект. Така тој зборува англиски, шпански, руски и француски јазик.

Инаку амбасадорот Ристо Никовски е Преспанец кој сега живее во Скопје. Тој е роден во Ресен, на 13 мај 1942 година, во градот на јаболкото, како често го нарекуваат овој главен културно-просветен, административен и општествено-политички центар на Преспа.

Треба да се нагласи дека Ресен и цела етничка Преспа се богати со  Преспанското Езеро, националните паркови Галичица и Пелистер, кои  на регионот му даваат посебна убавина. Преспанското Езеро е второ по големина езеро во Република Македонија.

Културата во Преспа датира уште од времето на неолитот. Патот Виа Игнација поминувал низ котлината за време на Римската Империја. На овој питом дел на Македонија, постојат голем број  споменици на уметноста во регионот. Грнчарството,  е

развиено во Преспа, особено во Ресен уште во минатото и сè уште е присутно, благодарение на Ресенската керамичка колонија. Таа е сместена во „Сарајот“ - Културен дом изграден од Нијази бег  и претставува дом за многу светски познати грнчари од земјата и светот.

Амбасадорот Ристо Никовски ги постави темелите на своето образование во родниот град Ресен, за подоцна да продолжи во Скопје и како дипломат да  го прокрстари светот. Денес како пензионер своите денови ги поминува во Скопје, каде, меѓу другото е член на Фондацијата „Браќа Џидрови“ на неговиот добар пријател д-р Лефтер Манче од главниот град на Канада – Отава. Инаку, покрај претседателот на оваа Фондација, д-р Лефтер Манче и потпретседателот Ѓоко Костадинов,  членови се и Славе Катин, Тодор Петров, Фиданка Танаскова, Коле Манев, Раде Силјан, Петре Наневски и Петре Кроневски.

Но, се чини дека амбасадорот Ристо Никовски е посветеник во редовното објавување свои мислења во колумни за актуелните настани поврзани со Македонија. Тој е еден од најплодните колумнисти во голем број информативни гласила во Република Македонија и пошироко. Автор е на книгите: „Македонското прашање повторно на маса“ (2012), „Улогата на САД во македонските голготи (1991 - 2013)“ (2013) и на популарното дело „Клучот за името е во Вашингтон, не во Атина“ (2015) .

Во своето последно дело „Клучот за името е во Вашингтон, не во Атина“, во врска со името и настанатите ирелевантни прашања и проблеми, амбасадорот Ристо Никовски вели дека на сите дипломати и земји треба да им се објаснат фактите дека: Македонија не претставува закана за ниту една земја, најмалку за Грција; името на земјата не е основа за каков било иредентизам, што го констатираше и „Бадинтеровата“ комисија; најдобра потврда дека сето тоа е точно е фактот што во изминатите 25 години немало никаков безбедносен инцидент меѓу двете земји.

Така е, и покрај исклучително непријателското однесување на Атина кон нас и поставувањето на нелегални гранични блокади и пречки на нашите евро-атлантски интеграции што ни нанесува несогледливи штети; нема никакви можности, кој и да дојде на власт во Македонија, да се актуализираат какви било територијални претензии кон Грција.






Пишува: СЛАВЕ КАТИН
www.slavekatin.com
slavekatin@gmail.com